Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 50, 1 декември 2010 година

декември 2010 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област хуманистички науки, подрачје археологија, на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за областа машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 11

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен доцент за подрачјето машинство на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 13

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област микробиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 18

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научното подрачје клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 30

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент / вонреднен професор за наставно-научната област ортодонција на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 58

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент група биологија, научна област биохемија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област маркетинг на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ..... 77

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ КЛИНИЧКИ МЕДИЦИНСКИ НАУКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, на својата 32. седница одржана на 11.8.2010 година, донесе Одлука број 2502-85/7 за распишување на Конкурс за еден ***помлад асистент*** на Факултетот за медицински науки. На 34. седница, одржана на 16.9.2010 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-99/7 и Решение број 2502-99/26 за избор на претседател и решенија број 2502-99/27 и 2502-99/28 за избор на членови за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање ***помлад асистент*** за научното подрачје ***клинички медицински науки*** при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

1. проф. д-р Никола Силјановски редовен професор, Факултет за медицински науки, УГД – Штип, претседател;
2. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор, член;
3. доц. д-р Гордана Панова, доцент, Факултет за медицински науки, УГД – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник" и „Лајм" на 17.8.2010 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 17.8.2010 година, за избор на *помлад асистент* на Факултетот за медицински науки се пријавија шестмина кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Валентина Велкоска-Накова** е родена на 22 октомври 1979 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" – Скопје, на 12 јули 2004 година, со просек 9,12. Во 2007 година се запишува на постдипломски студии по *ендокринологија* на Медицинскиот факултет во Скопје, во тек е изработката на магистерскиот труд од истата област. Во 2008 година започнува со специјализација по интерна медицина на Медицински факултет во Скопје, која е во тек.

Од 2004 до 2006 година работи како професор по Хигиена и здравствено воспитување, Микробиологија со паразитологија и Инфективни болести во СОУ „Јане Сандански" - Штип. Од 2006 до 2007 година работи како доктор на медицина во Клиничка болница – Штип. Од јули 2007 година се вработува како *помлад асистент* по клинички медицински науки на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Одлично го познава англискиот јазик, како и работата со компјутери (MS Windows, MS Word, MS Exel, MS Power point, MS Publisher, Microsoft Access, MS Front page, Corel Draw, Internet).

***Наставна дејност***

Кандидатката Валентина Велкоска-Накова стекнатите знаења и вештини успешно ги применува во воспитно-образовната дејност. Во периодот од учебната 2007/2008 година до денес работи како помлад асистент на предметите: Нега на болен 1, Нега на болен 2, Физикална медицина 1, Интерна медицина со нега, Прва помош и Фармакологија со токсикологија.

***Научни трудови***
***Учебници***

- Силјановски Н, Маролова А, **Велкоска Накова В**, Камчева Г.: Интерна медицина со нега;
- Панова Г, **Велкоска Накова В.:** Нега на болен 1. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008;
- Панова Г, **Велкоска Накова В**.: Нега на болен 2. Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2008;
- Камчев Н, Камчева Г, Велкоска Накова В, Бојаџиева Е. Прва помош. Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, 2008;

***Трудови***

1. **Velkoska Nakova V**., Krstevska B., Bosevski M., Dimitrovski Ch., Serafimoski V. (2009): DYSLIPIDAEMIA AND HYPERTENSION IN PATIENTS WITH SUBCLINICAL HYPOTHYROIDISM. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 93–102.
2. Krstevska B., **Velkoska Nakova V**., Adamova G., Simeonova S., Dimitrovski Ch., Livrinova V., Serafimoski V. (2009): ASSOCIATION BETWEEN FOETAL GROWTH AND DIFFERENT MATERNAL METABOLIC CHARACTERISTICS IN WOMEN WITH GESTATIONAL *DIABETES MELLITUS.* Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 103–114.
3. Krstevska B., Mishevska S., Janevska E., Simeonova S., Livrinova V., Pemovska G., **Velkoska Nakova V**., Serafimoski V. (2009): GESTATIONAL *DIABETES MELLITUS* – THE IMPACT OF MATERNAL BODY MASS INDEX AND GLYCAEMIC CONTROL ON BABY'S BIRTH WEIGHT. Contributions, Sec. Biol. Med. Sci., MASA, XXX, 2, p. 115–124.
4. **Велкоска Накова В**., Марина Н., Маролова А. (2009) Улога на anti-cyclic citrullinate peptide (anti-CCP) антителата и IgM ревматоидниот фактор во серолошката дијагноза на ревматоидниот артритис и нивната асоцијација со активноста на болеста. Зборник на апстракти, 2009 (Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество-MAAP 2009), стр. 97.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Олгица Алексовска** е родена на 28 јули 1982 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. На 3 јули 2009 година дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Скопје.

Од март 2010 година работи како доктор по општа медицина во приватна здравствена ординација. Во периодот април - јуни 2010 година е асистент на програмата *Јавно здравје и здравје на жените* во НВО Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија.

За време на студирањето учествува на неколку конференции и конгреси:

- 18. Европска студентска конференција, 2007 година, Берлин, Power Point презентација „Перинатален исход кај близнаци";
- 30. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2007 година, Охрид, Power Point презентација „Транзиторна тахипнеја кај новородени";
- 29. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2006 година, Охрид, Power Point презентација Варијабилна ЕЕГ парадигма кај АДХД и не-АДХД деца, Парадоксален амболизам кај 24-годишна пациентка, Фамилијарно социоекономско ниво и БЦГ покриеност.
- 28. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2005 година, Охрид;
- Генерално собрание на Интернационалната федерација на медицински студентски сојузи, 2004 г., Охрид.

Има одлично познавање на англискиот јазик, како и работа со компјутери.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Ана Алексовска** е родена на 25 април 1984 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје. На 13 јануари 2009 година дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” - Скопје.

Работи како доктор по општа медицина во ПЗУ ординација „АЛПС ГОА“ - Скопје и како стручен соработник на медицински интернет форум чие седиште се наоѓа во Coral springs, САД.

За време на студирањето учествува на неколку конференции и конгреси:

– 18. Европска студентска конференција, 2007 година, Берлин, Power Point презентација „Перинатален исход кај близнаци”;
– 30. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2007 година.
– 29. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2006 година, Охрид, Power Point презентација Парадоксален амболизам кај 24-годишна пациентка, Фамилијарно социоекономско ниво и БЦГ покриеност.
– 28. Интернационален медицински студентски научен конгрес, 2005 година, Охрид;
– Генерално собрание на Интернационалната федерација на медицински студентски сојузи, 2005 г., Охрид.

Кандидатката има одлично познавање на англискиот јазик и германскиот јазик, како и работа со компјутери.

***Биографски податоци***

Кандитатот **Тодор Илков** е роден на 20 јули 1984 година во Струмица. Основно и средно образование завршува во Струмица. На 19 декември 2008 година дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. За време на студирањето е претседател на Одделот за ХИВ/СИДА на Сојузот на студентите.

Кандидатот има работно искуство во Единица за брза помош во Струмица и како професор во средното земјоделско училиште. Исто така, кандидатот одлично го познава англискиот јазик.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Анита Пеловска** е родена на 17 февруари 1986 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Добитничка е на неколку први, втори и трети места на републички и меѓународни натпревари по математика. На 15 јули 2010 година дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” - Скопје. За време на студурањето е претседател на Одделот за медицинска едукација на Сојузот на студентите. Исто така, кандидатката одлично го познава англискиот јазик.

***Биографски податоци***

Кандитатот **Младен Ристески** е роден на 5 август 1980 година во Охрид. Основно и средно образование завршува во Охрид. На 16 јули 2007 година дипломира на Медицинскиот факултет (Општа медицина) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје. Во 2007 година започнува со постдипломските студии на Медицинскиот факултет во Скопје, област *педијатрија,* кои е во тек. Во 2009 година започнува со специјализација по *гинекологија и акушерство* на Медицинскиот факулетет во Скопје.

Во периодот од 15 март 2008 г. до 14 ноември 2008 г. работи во ПЗУ „Интергин” - Скопје, а од 4 декември 2008 г. до 4 август 2009 г. во ПЗУ „Прима-мед”- Скопје.

Кандидатот одлично ги познава англискиот и германскиот јазик, а основно ги знае албанскиот и словенечкиот јазик.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на целокупната научна и стручна активност на кандидатите, констатиравме дека д-р Валентина Велкоска-Накова ги исполнува сите услови за избор во помлад асистент за наставно-научното подрачје *клинички медицински науки*.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставо-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатката д-р Валентина Велкоска-Накова да ја избере во *помлад асистент* во наставно-научното подрачје *клинички медицински науки*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Никола Силјановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**
**Доц. д-р Гордана Панова, член, с.р.**

## ПРИЛОГ

Табела за вреднување на активностите на д-р Валентина Велкоска-Накова

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | |
| интерна скрипта од предавања | 4 | 4 | 16 |
| интерна скрипта за вежби | 2 | 2 | 4 |
| вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 12 x 0,2 | 2,4 x 3 | 7,2 |
| **Научноистражувачка** | | | |
| труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание | 3 | 3 | 9 |
| Учество на научен собир со постер во Македонија | 1 | 1 | 1 |
| **Стручно-апликативна и оргнизациско-развојна** | | | |
| **Вкупно** | | | **37,2** |